З А П И С Н И К
од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 септември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 14 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф.д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата.

На седницата учествуваа и Игор Никоски, директор на Управата за животна средина, Ивана Гиновска, директор на Државниот инспекторат за животна средина и Дарко Блинков, генерален инспектор за животна средина.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 11 септември 2025 година

2. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки на Дневниот ред Владата ги донесе следните заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 11 септември 2025 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Изет Меџити – прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, да донесе наредба за ограничување на движењето околу месноста „Вардариште“ (поранешна депонија за комунален отпад), во Општина Гази Баба, во која да се прецизира дека истата не се однесува на лицата кои престојуваат/домуваат во месноста (идентификувани од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади).

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги идентификува лицата кои престојуваат/домуваат во месноста „Вардариште“ и списокот со идентификувани лица да го достави до Министерството за внатрешни работи и до агенцијата за обезбедување, која како општествено одговорна компанија ќе врши обезбедување на локацијата.

3. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина, а се препорачува на општинските инспекциски служби на Општина Гази Баба и на Град Скопје, да ги преземат сите мерки и активности во рамките на своите овластувања и да вршат надзор над месноста „Вардариште“, со цел да се спречи загадување на животната средина.

<u>Точка 2</u>

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.